СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 150 Год. LXIII Среда, 12 декември 2007 Цена на овој број е 250 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
2050.	**Закон** за Комитетот за односи меѓу заедниците	2
2051.	**Закон** за престанување на примената на Законот за компензација	6
2052.	**Закон** за престанување на примената на Законот за одговорност од нуклеарни штети	6
2053.	**Закон** за престанување на важењето на Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на штедењето, супституцијата и рационалното користење на сите видови енергија	7
2054.	**Закон** за престанување на примената на Законот за определување на градежното земјиште во градовите и населбите од градски карактер	7
2055.	**Закон** за престанување на важењето на Законот за повластиците на младината и децата во патничкиот сообраќај	8
2056.	**Закон** за престанување на важењето на Законот за определување повластици во јавниот патнички сообраќај	8
2057.	**Закон** за престанување на важењето на Законот за градежната инспекција	8
2058.	**Закон** за престанување на примената на Законот за единствена евиденција на просторните единици	9
2059.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи	9
2060.	**Закон** за упатување лица во меѓународни мисии и во меѓународни организации	12
2061.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица	20
2062.	**Закон** за прогласување на дел од планината Пелистер за национален парк	24
2063.	**Закон** за Советот на јавните обвинители на Република Македонија	27
2064.	**Закон** за јавното обвинителство	41
2065.	**Указ** бр. 37 од Претседателот на Република Македонија	68
2066.	**Одлука** за престанување и за давање на користење на дел од недвижна ствар	68
2067.	**Решение** за разрешување од должноста директор на Бирото за судски вештачења	69
2068.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кичево	69
2069.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Македонски Брод	69
2070.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кавадарци	69
2071.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга	70

		Стр.
2072.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Ресен	70
2073.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Охрид	70
2074.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Штип	70
2075.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Виница	71
2076.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје	71
2077.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Неготино	71
2078.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Радовиш	71
2079.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми - Скопје	72
2080.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско - Струмица	72
2081.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Детски дом "11 Октомври" Скопје	72
2082.	**Правилник** за формата и содржината на образецот на лиценцата за автошкола	72
2083.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри, водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити и за формата и содржината на лиценцата за испитен центар	74
2084.	**Правилник** за дополнување на Правилникот за определување на висината на правото на еднократна парична помош	75
2085.	**Одлука** за начинот и постапката за отворање и затворање на трансакциска сметка	75
2086.	**Упатство** за постапката за исправка на грешка направена од носител на платниот промет	76
	Огласен дел	1-52

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2050.

Врз основа на член 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМИТЕТОТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

Се прогласува Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 декември 2007 година.

Бр. 07-5177/1
3 декември 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Љубиша Георгиевски, с.р.

З А К О Н
ЗА КОМИТЕТОТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува основањето на Комитетот за односи меѓу заедниците, начинот, условите, постапката за избор на член на Комитетот за односи меѓу заедниците (во натамошниот текст: Комитетот), надлежноста, начинот на работа, донесување на одлуки и други прашања во врска со работата на Комитетот.

Член 2

Комитетот го основа Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собранието) во рок од 60 дена од денот на конституирањето на Собранието.

Член 3

(1) Собранието ги избира и разрешува членовите на Комитетот на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

(2) Комитетот го сочинуваат 19 члена, од редот на пратениците избрани во Собранието.

(3) Во Комитетот седум члена се од редот на пратениците Македонци, седум члена од редот на пратениците Албанци, еден член од редот на пратениците Турци, еден член од редот на пратениците Власи, еден член од редот на пратениците Роми, еден член од редот на пратениците Срби и еден член од редот на пратениците Бошњаци.

(4) Комисијата за прашања на изборите и именувањата при предлагањето за избор на членови на Комитетот од редот на пратениците Македонци и од редот на пратениците Албанци, Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци ќе се води од критериумот за соодветна и процентуална застапеност на бројот на пратениците на соодветната политичка партија во однос на целокупниот состав на пратеници од соодветната заедница.

(5) Член на Комитетот се разрешува ако тој сам поднесе оставка или по предлог на политичката партија од која е предложен при неговиот избор за пратеник, односно избран.

(6) Избор на член на Комитетот во случај на оставка, односно разрешување се врши во рок од 30 дена од денот на оставката односно разрешувањето согласно со овој закон.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа - Радовиш на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-7618/1
3 декември 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

2079.

Врз основа на член 48, став 2 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004, 62/2005, 111/2005 и 40/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 декември 2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ ДЕЦА СО ВОСПИТНО СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ - СКОПЈЕ

1. За членови на Управниот одбор на Јавната установа за згрижување деца со воспитно - социјални проблеми - Скопје се именуваат:

претставници на основачот

- Љупчо Ламбевски,
- Тони Комненов,
- Алук Сали,

претставници од редот на стручните работници во установата

- Цветан Цветковски, воспитувач,
- Миронка Златановска, воспитувач.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на Јавната установа за згрижување деца со воспитно - социјални проблеми - Скопје на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-7619/1
3 декември 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

2080.

Врз основа на член 48, став 2 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004, 62/2005, 111/2005 и 40/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 декември 2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА БАЊА БАНСКО - СТРУМИЦА

1. За членови на Управниот одбор на Јавната установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско - Струмица се именуваат:

претставници на основачот

- Тања Доспинова Запрова,
- Кирчо Атанасов,
- Љубица Ангелова, виш архивар,

претставници од редот на стручните работници во установата

- Ванчо Новаков,
- Васил Зимбаков.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на Јавната установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско - Струмица на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-7620/1
3 декември 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

2081.

Врз основа на член 48, став 2 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004, 62/2005, 111/2005 и 40/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 декември 2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ" СКОПЈЕ

1. За членови на Управниот одбор на Јавната установа Детски дом "11 Октомври" - Скопје се именуваат:

претставници на основачот

- Наташа Ангелова,
- Бранка Петковска,
- Милан Антовски,

претставници од редот на стручните работници во установата

- Розетка Лазарова, воспитувач,
- Саздо Алексов, воспитувач.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на Јавната установа Детски дом "11 Октомври" - Скопје, на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-7623/1
3 декември 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

2082.

Врз основа на член 417, алинеја 9 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/2007), министерот за внатрешни работи донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА АВТОШКОЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на лиценцата за автошкола (во натамошниот текст: лиценца).

Член 2

Образецот на лиценцата е изработен на тврда картонска хартија во правоаголна форма со димензии А-4 формат, во бела боја.

Во позадината на образецот од став 1 на овој член отпечатено е знамето на Република Македонија.

Член 3

Во горниот дел на образецот на лиценцата е отпечатен називот на органот на државната управа кој ја издава лиценцата, а под него отпечатен е називот: „ЛИЦЕНЦА ЗА АВТОШКОЛА“.

Под називите од ставот 1 на овој член, определени се места за впишување на податоци за: бројот на лиценцата, називот на автошколата, седиштето на автошколата и категориите и поткатегориите на моторни возила за кои автошколата е овластена за спроведување на оспособување на кандидати за возачи.

Во долниот лев агол на образецот на лиценцата определено е место за впишување на местото и датумот на издавање на лиценцата, во долниот десен агол место за потпис на овластеното лице, а помеѓу нив има место за печат.

Член 4

Образецот на лиценцата е даден во прилогот 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1-80663/1 Министер
10 декември 2007 година за внатрешни работи,
Скопје м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

Прилог 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА АВТОШКОЛА

_____

(број на лиценцата)

_____

(назив на автошколата)

_____

(седиште на автошколата)

_____

(категории и поткатегории на моторни возила за кои автошколата е овластена за спроведување на оспособување на кандидати за возачи)

Место и датум
на издавање на лиценцата:

_____

Овластено лице

_____

М. П.

2083.

Врз основа на член 417 алинеја 10 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/07), министерот за внатрешни работи донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОЗАЧКИТЕ ИСПИТИ И КРИТЕРИУМИТЕ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ИСПИТНИТЕ ЦЕНТРИ, ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ВРСКА СО СПРОВЕДЕНИТЕ ВОЗАЧКИ ИСПИТИ И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри, водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити и за формата и содржината на лиценцата за испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/07), во членот 17 зборовите „според местото на живеење на кандидатот каде што се спроведува испитот“ се заменуваат со зборовите „во седиштето на испитниот центар или во подружницата“.

Член 2

Во членот 24, по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4)Во случаите кога теоретскиот дел на возачкиот испит се полага електронски, тестовите за полагање на возачкиот испит од страна на Министерството за внатрешни работи се доставуваат електронски до испитните центри непосредно пред започнување на полагањето на испитот.“

Член 3

Во членот 27, по ставот (2), се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Практичниот дел на возачкиот испит за лицата со телесни недостатоци од став (2) на овој член се полага на моторно возило што го обезбедуваат испитниот центар или лицата.“

Член 4

Во членот 41, во третиот ред, по сврзникот „ и“ се додава зборот „посебна“.

Член 5

Во членот 43, по ставот (2), се додава нов став (3) кој гласи:

„(3)Со евиденцијата од став 1 на овој член, трајно се чуваат и аудио и видео записите архивирани на соодветен оптички медиум кои се направени при спроведување на теоретскиот дел на возачкиот испит согласно прописите за канцелариско и архивско работење.“

Член 6

Во членот 45, во ставот (2), по зборот „испит“ се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 7

Во членот 51, во ставот (1), по зборовите: „(пријавни места)“ се додаваат зборовите: „во испитниот центар или во неговата подружница“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2)Бројот на подружниците од став (1) на овој член се определува од страна на раководителот на испитниот центар во зависност од подрачјето кое го опфаќа испитниот центар како и од бројот на кандидатите.“

Ставот (3) се брише.

Член 8

Членот 52 се менува и гласи:

„(1)Во седиштето на испитниот центар и во неговите подружници треба да има соодветни простории за изведување на теоретскиот дел од возачкиот испит кои обезбедуваат услови за спроведување на теоретскиот дел од возачкиот испит за најмалку 30 кандидати за возачи и ги исполнуваат критерумите согласно прописите од областа на образованието и воспитанието.

(2)Просториите од ставот (1) на овој член можат да бидат во сопственост на испитниот центар или под закуп.

(3)Во просториите од ставот (1) на овој член треба да биде поставена и опрема за аудио и видео надзор која овозможува аудио и видео записи на спроведувањето на теоретскиот дел од возачкиот испит.“

Член 9

Во членот 53, во ставот (1), по зборовите: „и има“ се додава зборот „важечко“.

Член 10

Во членот 55, во алинејата 5, на крајот на реченицата точката се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

„- друг технички персонал.“

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2)Стручните лица од алинеја 5, став (1) на овој член се определуваат од страна на раководителот на испитниот центар од редот на претседателите на испитните комисии“.

Член 11

Во членот 56, по зборовите: „опрема и“ се додава зборот „посебна“.

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2)Покрај информатичката опрема и посебната софтверска апликација од ставот (1) на овој член, испитниот центар треба да има и:

- пристап за користење на апликацијата на Министерството за внатрешни работи за спроведување на електронско полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит и
- интернет конекција за седиштето на испитниот центар и подружниците од минимум 1 mb/s, наменета исклучиво за електронско полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит.“

Член 12

По членот 59 се додава нов член 59-а кој гласи:

„Член 59-а

Правните лица пријавени на јавниот конкурс од член 57 на овој правилник, приложуваат соодветни докази до комисијата од член 58 на овој правилник дека ги исполнуваат условите за вршење на работите на испитен центар утврдени со закон и со овој правилник.“

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1-80703-1 Министер
10 декември 2007 година за внатрешни работи,
Скопје м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.